Архивски знак: ____
Рок на чување: ____ год.
28 -07- 2016 20 година
Потпис, ____

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ", број 27/15, 78/15,192/15 и 27/16 ), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), по овластување на директорот на Царинската управа број 04- 052482/16-0001 од 26.07.2016 година заменик директорот донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на најповолен понудувач

Врз основа на извештајот од Комисијата за јавни набавки број 05-034879/16 -0016 од 22.07.2016 година, донесен по спроведена постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 16/2016, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и со примена на електронска аукција, за доделување на договор за набавка на Услуга за ресертификација/сертификација по стандардот ИСО 9001 ( верзија 2008 и 2015) , како најповолен понудувач СЕ ИЗБИРА:

Друштво за едукација, тренинг и истражување АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје

Правата и обрските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавните набавки.

### О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки по овластување на директорот на Царинската управа на Република Македонија број 04-034887/16-0009 од 30.05.2016 година, заменик директорот донесе Одлука број 05-034879/16-0003 од 03.06.2016 година за јавна набавка на Услуга за ресертификација/сертификација по стандардот ИСО 9001 ( верзија 2008 и 2015).

Износот на средствата од 600.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани и обезбедени со буџетот на Царинска управа на Република Македонија на следниов начин:

- средства во износ од 200.000 денари се обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2016 година, раздел 09003, сметка 637, програма 20, ставка 425,
- средства во износ од 200.000 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинската управа за 2017 година, раздел 09003, сметка 637 и/или 787, програма 20, ставка 425,

средства во износ од 200.000 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинската управа за 2018 година, раздел 09003, сметка 637 и/или 787, програма 20, ставка 425.

Набавката се спроведе со барање за прибирање понуди со објавување на оглас во ЕСЈН број 16/2016, согласно член 100 од Законот за јавни набавки, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и со примена на електронска аукција, согласно член 22 и член 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-034879/16 -0016 од 22.07.2016 година , со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да го избере понудувачот Друштво за едукација, тренинг и истражување АМ ЦЕРТ ДООЕЛ Скопје

Изборот е извршен врз база на евалуирани 2 (две) прифатливи понуди.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство
Согласно член 200, член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

m-r Lavdrim Veliu
заменик директор

Бр. 05-034879/16-0018
Скопје, 28-07-2016

Доставено во оригинал до:

- Председател на Комисија за јавни набавки
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Комисија за јавни набавки
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Билјана Ристовска
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Џутески